# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
18 - 24 Декември 2017 година Број: 286

# ПЕЛИВАНОВА - ЗАМЕНИК ГРАДОНАЧАЛНИК НА КАРПОШ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев ја определи проф. д-р Наташа Пеливанова, член на Советот на Општина Карпош, за заменик градоначалник на Општината, која ќе ја врши оваа функција за време на спреченост или отсуство на градоначалникот.

Ова решение е донесено врз основа на член 52 став 5, 6 и 8 од Законот за локалната самоуправа на Република Македонија.

Пеливанова е доктор во областа на правните науки. Таа е редовен професор на Факултетот за безбедност во Скопје. Има значаен придонес во научно – истражувачката дејност како автор на многубројни трудови издадени во домашни и меѓународни специјализирани списанија.

На последните локални избори, Наташа Пеливанова е избрана за член на Советот во Општина Карпош. Членува во Комисијата за урбанистичко планирање, Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита), Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Комисијата за прописи при Советот на Општина Карпош.



# ОБУЧЕНИ НОВИ 105 ВОСПИТУВАЧКИ ЗА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Вкупно 105 учесници, воспитувачки и негователи од градинките од Општина Карпош учествуваа на работилница за зајакнување на капацитетите за работа со деца со посебни потреби.

Оваа работилница се спроведе во соработка со "Монтесори" здружението, како долгогодишен партнер на Општина Карпош.

Во најстарата градинка во Република Македонија, "Орце Николов", градоначалникот Стефан Богоев ги додели сертификатите на воспитувачките и негователките за успешно реализираната работилница, и ја истакна потребата од дополнително спроведување на овие проекти:

- Општина Карпош уште повеќе ќе работи на зголемување на вклученоста на лицата со посебни потреби, особено на најмладите. Чувствуваме поголема одговорност кон децата, да им овозможиме подобри услови за следење на воспитно – едукативните програми и нивна полесна социјализација, посочи Богоев.

Со оглед на фактот дека живееме во динамично време, каде што постојаното учење и надградба се вистинска потреба, од огромна важност е усовршувањето на работниците кои се вклучени во воспитно – згрижувачкиот и образовен процес на децата, со посебна нагласка на децата со посебни потреби.

Претседателката на "Монтесори" здружението, Билјана Стерјадовска Стојчевска го истакна своето задоволство од овој проект кој е во рамки и на Националната стратегија за образование 2018 – 2025 година.
Една од примарните цели на овој проект е да се препознаат потребите на лицата со посебни потреби, да се развие комуникацијата со нив и родителите да се упатат на стручните служби.


ПОТВРДА
Јулија Стојановска
ПОТВРДА
Силвија Стојановска
ПОТВРДА
Јулијана Јованов




# КАРПОШ ДОБИ ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ВАДЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, заедно со директорот на Управата за водење на матични книги Ѓоко Котески, отворија подрачна канцеларија на Управата која ќе функционира на територијата на локалната самоуправа на Карпош.
Од сега, на аголот меѓу ул. Бранислав Нушиќ и ул. Никола Тесла, граѓаните на Општина Карпош ќе можат да ги вадат сите потребни документи, кои се добиваат токму од оваа институција. Како што истакна градоначалникот Богоев, со ова се олеснува целата процедура на вадење на соодветните документи, и се растоварува метежот кој се создавал пред шалтерите на седиштетот на Управата за водење на матичните книги.
-Со оваа истурена канцеларија, карпошани ќе можат многу поедноставно, полесно и побрзо да ги вадат потребните документи, и метежот кој до сега се создавал во оваа институција, ќе биде минато, потенцираше Богоев. Притоа, појасни тој, ова ќе биде олеснување не само за жителите кои се родени во Карпош, туку и за оние кои се родум од други општини од Градот Скопје и Републиката, а кои се жители на Општина Карпош.

Директорот на Управата за водење на матични книги Ѓоко Котески, нагласи дека после Аеродром, Општина Карпош е втора локална самоуправа во која се отвора подрачна канцеларија, и дека целиот овој проект, е дел од владината програма „ 3-6-9“, со која се предвидува институциите на системот да бидат подостапни до граѓаните.

-За оваа година, ова е последна подрачна канцеларија која ја отвораме, но веднаш по Нова Година, ќе отвориме единица и во Општина Бутел. На овој начин, многу поефекасно ќе ги сервисираме потребите на граѓаните, дециден беше Котески.

Карпошани, токму во ова подрачно одделение ќе можат да вадат Извод од матична книга на родените, извод за матична книга на умрените, како и венчален извод.

Работно време на канцеларијата од 8.00 - 15.30 часот


МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ
Подрачно одделение СКОПЈЕ - КАРПОШ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА